Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Министерство за култура**

Министерство за култура
на Република Македонија

Сектор за
Евроинтеграции
Одделение за Културно
контактна точка

ул.„Ѓуро Ѓаковиќ“ бр.61,
1000 Скопје,
Република Македонија,
тел.: +389 (0)2 3 207 446
факс: +389(0)2 3 207 446
е-адреса: **office@ccp-macedonia.gov.mk**
www.kultura.gov.mk

Почитувани,

Ве известуваме дека во организација на Одделенито Културно контактната точка (ККТ) при Министерството за култура на Република Македонија на **16 мај 2011 година со почеток во 10 часот во ЕУ Инфо Ценатрот во Скопје ќе се одржи Инфо ден посветен на Програмата Култура 2007–2013.** Настанот ќе се реализира во соработка со ККТ на Република Турција, Делегацијата на ЕУ во Скопје (ЕУ Инфо центарот), Музејот на модерна уметност во Истанбул и Коалицијата за одржлив развој (КОР) од Скопје.

За време на информативниот ден покрај **презентациите кои се однесуваат на структурата, критериумите и формуларите за аплицирање на Програмата Култура 2007 – 2013**, ќе биде претставена и посебната акција на Европската Комисија, **Европски град на културата**, конкретно **Истанбул европски град на културата во 2010 година.** Истовремено, Инфо денот предвидува презентација на два успешни проекти поддржани од Програмата Култура на ЕУ: “**Воздигнување на сенките”** и “**Незавршена модернизација – од утопија до прагматизам”.**

Во прилог Ви ја доставуваме Програмата за настанот.

За реализација на Инфо денот ќе биде обезбеден превод од македонски на турски јазик и обратно.

Ве молиме вашето присуство задолжително да го потврдите на следната електронска адреса: office@ccp-macedonia.gov.mk или на телефон: 3 207 446; 070 463 220.

Ќе ни претставува задоволство доколку присуствувате на овој настан.
Ви благодариме на соработката,

**Одделение Културно контактна точка**
**Програма Култура на ЕУ**